РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-209/3
08.04. 2015 год.
Скопје

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на Република Македонија, на својата 35. седница одржана на 15.12.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Стручни забни техничари“, прв циклус тригодишни студии на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Стручни забни техничари“, прв циклус тригодишни студии на Стоматолошки факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран стручен забен техничар,** Научно - истражувачко подрачје: Медицински - науки и здравство, научно - истражувачко поле: Стоматологија, научно - истражувачка област:Стоматолошка протетика.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно - научниот совет на Стоматолошки факултет Скопје, и одлуката од Универзитетски сенат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје за организирање прв циклус тригодишна студиска програма „Стручни забни техничари“, на 05.12.2014 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на 35 седница одржана на 15.12.2014 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 36. седница одржана на 29.01.2015 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-974
15-05-2015 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15 и 20/15), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни стручни студии по Стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни стручни студии по Стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 09-1055/7 од 20.04.2015 година, доставена до Министерство за образование и наука под УП1 бр. 974 оод 21.04.2015 година, за исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на тригодишни стручни студии по Стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет во Скопје, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение бр. 12-209/3 од 08.04.2015 година.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-974 од 27.04.2015 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведената студиска програма.

Комисијата на ден 04.05.2015 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-974 од 13.05.2015 година, каде е наведено дека за студиска програма од прв циклус на тригодишни стручни студии по Стручни забни техничари на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Abdilaqim Ademi**

**Доставено до:**
**- Примач**
**-Архива**

изработил: Нухи Аједини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити